АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
**ЕУРОЛИНК - СКОПЈЕ**

# П О С Е Б Н И   У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЛИХИ НА ФЛОТАНТНА ОСНОВА
# ОД ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

Скопје, Јануари 2003 година

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЛИХИ НА ФЛОТАНТНА ОСНОВА ОД ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

**Член 1**

Осигурување по овие Услови можат да склучат правни лица кои уредно и ажурно ја водат пропишаната книговодствена евиденција на непарични обртни средства врз основа на важечките законски прописи и ако се осигураат сите средства што можат да бидат предмет на осигурување според условите за осигурување од опасност од пожар и некои други опасности и условите за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво.

**Член 2**

(1) Предмет на осигурување по овие Услови можат да бидат:

- залихи евидентирани на класа 3, односно суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар,
- залихи евидентирани на Конто 025, односно средствата за работа во подготовка - инвестиционен материјал;
- залихи евидентирани во група на Конто 60, односно залихи во процесс на производство;
- залихи евидентирано во група на Конто 63, односно готови производи
- залихи евидентирани ви група на Конто 66, односно трговска стока
- и други залихи на ствари кои можат да бидат предмет на осигурување во смисла на условите за осигурување од пожар и некои други опасности.

(2) Предмет на осигурување по овие Услови не се и неможат да бидат авто гуми во употреба, како и залихи кои неможат да се осигураат по посебните услови наведени по член 1 на овие услови.

(3) Предмет на осигурување не можат да бидат само пооделно залихи (аналитички конта) кои се во состав на едно синтетичко конто.

(4) Залихите кои не се сопственост на осигуреникот, а се земени на добработка, сервисирање, чување или вскладиштување, не можат да бидат предмет на осигурување по овие Посебни услови.

(5) Ако во текот на важењето на овие услови дојде до промена на ознаката на контата наведени во став 1 точка 1 до 6 на овој член, ќе се смета дека се предмет на осигурување по овие услови залихите опишани во наведениот став, односно точки, а евидентирани по новоотворените конта.

**Член 3**

Осигурувањето на залихите на начин регулиран по овие Услови може да се договори само за период на траење на оигурувањето од најмалку една година.

**Член 4**

(1) Залихите од член 2 на овие услови се осигурени на секое времено количество и по поединечни цени по кои се водат во книгите на осигуреникот на 31.12 претходната година, доколку поинаку не е договорено.

(2) Доколку осигуреникот оцени дека цените, односно вредностите - поединечните книговодствени цени од претходниот став нема да одговараат на виситинските пазарни, може да се договори нивно зголемување:

1. со процент на месечен верижен пораст на книговодствените единечни цени;
2. со зголемување на книговодствените единечни цени за индексот на порастот на цените на производители на индустриските производи на гранки на дејности објавени во Републичкиот завод за статистика.

(3) Основица за утврдување на сумата на осигурување на залихи за договорениот квалитет од претходниот став, претставуваат просечните количества, единечни цени по кои се водат во книговодството на осигуреникот, зголемени за договорениот пораст од точките 1 и 2 од претходниот став.

(4) Изборот на квалитетот на осигурително покритие, осигуреникот е должен да го поднесе во писмена форма и тоа 15 дена пред истекот на скаденцата.

**Член 5**

(1) Во случај на штета, како основица за пресметка на штета на осигурените залихи се земаат единечните цени од книгите на осигуреникот (член 3 став 1 од овие услови), односно корегираните единечни цени за договореното зголемување според член 3. став 2, точка 1 и 2 од овие услови.

(2) Доколку цените утврдени според претходниот став се повисоки од реалните - вистински цени на залихите на денот на штетата, висината ќе се утврди според реалните - вистински цени.

(3) Под реални - вистински цени на залихите се подразбира:

1. Набавната цена на пазарот на денот на штетата (за материјалите, резервните делови и ситниот инвентар на залиха, трговска стока и средствата за работа во подготовка).
2. Цена на чинење на денот на штетата и тоа: за полупроизводите и недовршените производи - по фазни цени на чинење до извршениот степен на обработка и за готовите производи, имајќи ги во предвид сите фази на обработка.

(4) Во случај на подосигурување, односно да единечните цени корегирани во смила на член 3. став 2 од овие услови се пониски од реалната - вистинска вредност на залихите, начелото на протпорција нема да се применува, туку штетата ќе се решава според договореното ниво на цени со полисата на осигурување.

**Член 6**

Основица за пресметка на премијата, претставуваат вредностите - сумите на осигурување утврдени согласно член 3 од овие Услови и истата се утврдува за секоја година на траење на осигурувањето посебно.

**Член 7**

(1) Премијата за осигурување за тековниот период на осигурување се пресметува однапред со примена на основицата од член 3, став 1 и став 2 точка 1.

(2) Ако е договорено осигурување во смисла на член 3, став 2 точка 2 од овие услови, пресметката за поместувањето на индексот на цените се врши секој полугодишно и тоа со една четвртина од премиската стапка, на разликата на вредноста помеѓу почетната состојба и зголемените вредности на база индексот на пораст на цените на производите на индустриските производители по гранка.

(3) За периодот на осигурување од денот на скаденцата до испоставување на полисата може се пресметува аконтативна премија.

Аконтативната премија се пресметува врз основа на вредноста на залихите од претходниот период на осигурување, зголемена за 1/2 од коефициентот на зголемување на цените во претходната година.

При испоставување на полисите, пресметаната премија се намалува за износот на аконтативната премија

(4) Конечна пресметка на премија не се врши.

**Член 8**

Доколку се работи за осигуреник со скаденца по 01.01. или за нов осигуреник со иста скаденца, се постапува на следниот начин:

- привремена пресметка се врши со земање на основицата за пресметка на премија од минатиот период на осигурување и истата се зголемува за кумулативниот коефициент на пораст на гранските цени до почетокот на осигурувањето.

- дефинитивна пресметка се врши на база на реалните податоци кога ќе се добијат од осигуреникот.

**Член 9**

(1) Договорувачот на осигурувањето е должен на осигурувачот да му ги стави на увид и располагање сите книговодствени податоци за предметите на осигурување, неопходни за утвдување на основицата за пресметка на премијата.

(2) Договорувачот на осигуурвањето , односно осигуреникот, е исто така должен на осигурувачот да му ги стави на увид и рапослагање книговодствените податоци за вредноста на осигурените залихи кога ќе настапи осигурениот случај заради утврдување на осигурената сума на оштетените или уништените предмети на осигурување, а со самото тоа и за утврдување на неговата обврска по настанатиот осигурен случај.

**Член 10**

Доколку не се во спротивност со одредбите на овие услови се применуваат и :

1. Опшите услови за осигурување имоти и
2. Условите за осигурување од пожар и некои други опасности;
3. Условите .за осигурување од опасност од провална кражба и разбојниште.

**Член 11**

Овие услови важат од  25.02.2003 година кога и се донесени на редовна седница на Одборот на директори на Друштвото.

---

Овие Посебни услови за осигурување на залихи на флотантна основа од опасност од пожар и некои други опасности, се донесени од Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК - Скопје, на 3-та редовна седница одржана на ден 25.02.2003 година, со Одлука број 0202-72/5, со примена од 25.02.2003 година.